восмислено го потврдуваат македонскиот национален карактер на востанието и неговите јасно изразени цели за национално и социјално ослободување и создавање на сопствена македонска држава. Низа аспекти и факти што се предмет на сегашни и идни проучувања, секако ова востание ќе го наредат паралелно со Илинденското востание, третирајќи го целиот тој период како континуитет на националнореволуционерните борби не само за ослободување, туку и против мешање од соседните држави, а особено од великобугарските кругови.

Овој зборник претставува мошне значаен прилог во збогатувањето на македонската историографија од времето на големата Источна криза каде што македонското прашање се исфрлува на површина како национално и како политичко. Впрочем, објавувањето на овој зборник претставува придонес од трајна вредност, со оглед на богатата аргументираност на прилозите, со сета наведена научна литература, и со резимеата преведени на еден странски јазик за секој труд поодделно што му даваат можности за пошироко ползување.

Благој СТОИЧОВСКИ

**Д-р Ратислав Терзиоски, Советскиот печат-сведоштво за беспримерната храброст на младината на Југославија (1941—1945). НИО „Студентски збор", Скопје 1982, 138.**

Неодамна македонската историографија се збогати со уште еден значаен прилог, со тематска проблематика од Народноослободителната борба. Тоа е трудот на д-р Ратислав Терзиоски: Советскиот печат — сведоштво за беспримерната храброст на младината на Југославија 1941—1945, со кој труд, овој наш реномиран историчар, на научната јавност во Македонија и надвор од неа, ѝ презентира поширок избор на поголем број содржини од советските весници, напишани од истакнати советски политички и воени раководители општествени и научни работници, како и од повеќе политички и партиски работници од Југославија и од другите балкански земји што за време на војната живееле во Советскиот Сојуз. Печатени во текот на 1941—1945 година, овие материјали во недостиг на соодветна архивска граѓа, претставуваат единствена можност да се расветлат некои прашања од оваа област кај нас.

Спomenатиов труд, покрај предговорот на авторот, концепциски е разделен на два дела, а секој дел е разделен на поднаслови со соодветни меѓунаслови, комплетирани на крајот со хронолошки подредени прилози на оригинални текстови на руски јазик, и содржина.

Во Првиот дел под наслов: Преглед на поважните оценки на Советскиот печат за положбата и активноста на младината на Југославија во НОВ и Револуцијата (1941—1945), авторот дава мал преглед на делови од содржините на советските весници, во кои се истакнува прославената храброст на југословенската младина во борбите против окупаторот. Во посеб-

ниот поднаслов од овој дел: За теророт на окупаторот, изнесени се делови од советските весници, каде биле забележани страотни моменти од деновите кога Германците стрелале и по неколку илјади момчиња и девојки. Посебен осврт се дава на стреланите ученици на Крагуевачката гимназија, од октомври 1941 година во Крагуевац, за веднаш потоа во следниот поднаслов: Застапеноста и хероизмот на младите во НОД и Партизанските одреди на Југославија, да ни ја прикаже оценката на советските весници, дека главнината на југословенската војска во текот на војната, главно ја сочинувале младите, кои како реакција на теророт вршен над нив и другото население, од страна на фашистите, масовно заминувале во партизани, истакнувајќи се таму како вистински херои. Херојските подвизи на младите и девојките од Југославија, забележани во советските весници, авторот ги разработува во посебниот поднаслов: Истакнати херои младинци, каде се забележани имињата на Вера Драгиќ, Павле Крушевац, Зорка Јовановиќ, Ефто Бошњак, Данило Солдатиќ и други поединци, исклучителни херои, легенди на нашата на НОВ и Револуцијата. Информациите, коментарите и оценките за одржаните младински конгреси во Југославија во текот на војната, како посебен наслов во трудот на -р Растислав Терзиоски, имаат посебно значење. Тука е прикажан одгласот во советските весници, што бил доста голем и забележителен, по повод одржувањето на Првиот и Вториот конгрес на Антифашистичката младина на Југославија како и на Првиот конгрес на Антифашистичката младина на Србија. Посебно забележително место во советскиот печат добиваат вестите, поопширните репортажи и сл. пишувани во текот на 1944 година, во кои се прикажувало учеството на младината во обновата на разрушената земја, разработено во последното поглавје: За некои активности на Југословенската младина во условите на завршната етапа на НОВ, со што авторот го завршува Првиот дел од трудот.

Во Вториот дел: Материјали, дадени се прилози на одделни статии, делови на статии, информации и разни написи, во кои посебно се разработени соодветни тематски проблеми. Во овој дел, поместени се написите на Вељко Влаховиќ: Пет месеци херојска борба на Југословенската младина, во кој се дава осврт на петмесечната ослободителна борба, водена во Југославија до септември 1941 година, потоа кратки от прилог на О. Савиќ: Младите Срби нема да го положат оружјето и еден извештај, објавен во весникот „Правда“, под наслов: Зверствата на германската казнена експедиција во Југославија. Простор во овој дел е отстапен и на говорот на Велимир Влаховиќ, одржан во Москва, во јуни 1942 година, прилогот на О. Савиќ. Југославија во оган, од истата година објавен во „Комсомолска правда“, со посебен осврт на текстот од Золтан Вајнебергер: Белградската партизанка Вера, објавен во „Правда“ и Народните одмазници — херои на српскиот народ, во „Труд“, од август 1942 година. Во продолжение, повторно простор е отстапен на Велимир Влаховиќ со неговиот прилог: Во

името на слободата и борбите во Југославија, како и на О. Савиќ: Школа на хероите, објавени во „Комсомолска Правда". Во продолжение, дадени се прилозите на капетанот Орест Шверцов: Слободољубивата младина, на Стојан Милетиќ: Вториот конгрес на Антифашистичката младина на Југославија, објавен во „Правда". Под знакот на единство и децата на нашата земја, се два прилози на Никола П. објавени во „Комсомолска правда", како и прилогот на А. Шатилов: Херојската армија на Југословенскиот народ, во „Труд" и на Бор. Аборин: На ослободената земја на Југославија, во „Учителска газета".

Рамо до рамо е прилогот на А. Калинин, по кое веднаш следи: Нашето братство е нераскинливо, со кое словенечката младина го поздравува одржувањето на Првиот конгрес на Антифашистичката младина на Србија од 1944 година, надополнето со поголемиот прилог на Велимир Влаховиќ: Конгрес на Антифашистичката младина на Србија, објавен во „Комсомолска правда", за на крајот да отстапи простор на разговорот на дописникот на „Комсомолска прав да" со маршалот на Југославија Јосип Броз Тито, под наслов: Младите патриоти на демократска Југославија, со што авторот го комплетира и завршува Вториот дел од трудот.

На крајот треба да подвлечеме дека излегувањето од печат на трудот на д-р Растислав Терзиоски пополнува една празнина во југословенската историографија, за која поодамна се чувствувало потреба. Трудот проблемски разработува мошне интересни моменти, кои оставаат широк простор и за нови натамошни дополнувања и проучувања кај другите научни работници. Ова дотолку повеќе што кај нас малку е ползувана и користена овој вид на граѓа од Советскиот Сојуз, кој по своето значење е од голема важност.

Ѓорѓи МАЛКОВСКИ

## Д-р Растислав Терзиоски, ФАШИСТИЧКА БУГАРИЈА ВО СОВЕТСКИОТ ПЕЧАТ (1941—1944), „Наша книга", Скопје, 1983

Издавачката работна организација „Наша книга" од Скопје, која од година во година бележи се поголеми нови успеси и во областа на издавачката историографска дејност, пред извесно време ја објави публикацијата под горниот наслов, што ја подготви д-р Растислав Терзиоски, научен советник во Институтот за национална историја во Скопје.

Споменатава прилично обемна книга (на 283 страници) претставува всушност трета книга на овој наш познат македонски историчар во која се третира насловната проблематика. Имено, тој во соработка со Давид Атлагиќ, во текот на 1981 година преку здружените издавачи: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла и Наша книга, ја подготви за печат книгата: Вељко Влаховиќ, Борбата за слободна Југославија, одбрани дела II, а во 1982 година и публикацијата: Советскиот печат — сведоштво за беспримерната храброст на младината на Југославија 1941—1945, во издание на НИО „Студентски збор", Скопје. Сите овие три